**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став за 2024 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје**

1. Регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност производство на топлинска енергија се одобрува да изнесува 728.936.545 денари и за произведена количина на топлинска енергија од 238.722.749 kWh.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, и согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22, 197/22 и 226/23), се утврдува висината на месечниот надоместок и тарифен став за производство на топлинска енергија и тоа:

| **РЕГУЛИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА** | **единица мерка** | **од 01.08.2024 година** |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за системски услуги и системска резерва | ден/месец | **3.065.794** |
| Тарифен став за произведена топлинска енергија на регулиран производител | ден/kWh | **2,8994** |

3. Месечниот надоместок и тарифниот став од точка 2 на оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2024/2025 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2024 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, (во понатамошниот текст: ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје), согласно Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена, бр.09-430/1 од 31 мај 2024 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија

за енергетика со УП1 бр. 08-317/24 од 31 мај 2024 година.

Кон барањето, ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот, на 7 јуни 2024 година го објави известувањето во врска со Барањето на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Во рокот утврден во објавеното известување до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика на xx јули 2024 година на својата веб страница ја објави Предлог Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став за 2024 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број xxxxx од xx јули 2024 година свика подготвителна седница на која предмет на разгледување беше Предлог Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став за 2024 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје.

На xx јули 2024 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

**Податоци од Барањето**

Барањето на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје е поднесено во согласност со Правилникот и ги содржи следните податоци:

| Р.бр. | О П И С | 2024 година |
|---|---|---|
| 1 | Оперативни трошоци | 384.349.118 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 77.923.398 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 42.070.300 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 12.750.000 |
| 1.4 | Бруто плати | 117.439.927 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.460.073 |
| 1.6 | Други услуги | 122.820.992 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 9.884.428 |
| 2 | Амортизација | 34.493.796 |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 1.622.914 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 32.870.882 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 50.202.357 |
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 940.879 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп | 49.261.478 |
| 3.3 | WACC | 6,33% |
| 5 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 469.045.271 |
| 6 | Трошоци за гориво | 923.493.354 |
| 9 | Обртен капитал | 9.234.934 |
| 10 | Пренесени трошоци | 2.327.000 |
| 11 | К фактор | 168.083.771 |
| 12 | Регулиран максимален приход | 1.236.016.787 |
| 13 | Произведена/планирана количина на топлинска енергија | 270.124.915 |

**Анализа на Регулаторна комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје за вршење на регулираната дејност производство на топлинска енергија. При анализа на доставените податоци од Барањето, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Надоместок за системски услуги и системска резерва**

Надоместокот за системски услуги и системска резерва за 2024 година е презентиран во следната табела:

| Р.бр. | О П И С | 2024 година |
|---|---|---|
| 1 | Оперативни трошоци | 177.649.974 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 72.454.821 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 7.590.056 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 12.750.000 |
| 1.4 | Бруто плати | 71.879.646 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.460.073 |
| 1.6 | Други услуги | 5.908.082 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 5.607.296 |
| 2 | Амортизација | 27.197.212 |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 1.622.914 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 25.574.298 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 53.018.951 |
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 764.461 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп | 52.254.490 |
| 4 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 257.866.138 |

Регулаторната комисија за енергетика имајќи го во предвид Правилникот ги утврди следните оперативни трошоци за регулираниот период 2024 година:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар во 2024 година, со исклучок на трошокот за електрична енергија, се пресметани како просек од 2021, 2022 и 2023 година и истите се прилагодени согласно предвидената стапка на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија). Трошокот за електрична енергија е пресметан согласно остварените трошоци за периодот јануари-април 2024 година и врз основа на тоа е прогнозиран трошокот за електрична енергија за периодот октомври-декември 2024 година, имајќи ги во предвид фјучерсите за цената на електричната енергија од берзите,
- Трошоците за тековно одржување се пресметани како просек од 2021, 2022 и 2023 година и истите се прилагодени согласно предвидената стапка на инфлација од 3,5%,
- Трошоците за осигурување и трошоците за менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од Барањето,
- Трошоците за бруто плати се утврдени за 85 извршители имајќи ги во предвид историските податоци за бројот на вработени за вршење на дејноста производство на топлинска енергија и остварената бруто плата во 2024 година,
- Трошоците за други услуги за 2023 година се пресметани на ниво на остварените во 2023 година прилагодени согласно предвидената стапка на инфлација од 3,5%,
- Останатите и вонредните трошоци  се пресметани на ниво на остварените во 2023 година, при тоа трошокот за регрес за годишен одмор е предвиден соодветно на бројот на

вработени согласно кој е утврден износот на бруто плати за 2024 година, прилагодени за предвидената стапка на инфлација од 3,5%.

Амортизацијата на сопствените средства е прифатена согласно податоците од барањето.

Амортизацијата на средствата под закуп е утврдена соодветно на доставените податоци од сметководствената евиденција на закуподавецот.

Приносот на сопствените средства за дејноста производство на топлинска енергија е пресметан за постојните средства и примена на WACC на ниво од 6,74%. Вредноста на сопствените средства за дејноста производство на топлинска енергија и приносот е прикажана во табелата подолу.

| **Вредност на сопствени средства** | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Опис | 2024 година |
| 1 | RAB start | 7.950.263 |
| 2 | Планирани инвестиции во текот на годината | 8.421.061 |
| 3 | Амортизација | 1.622.914 |
| 3 | RAB end | 14.748.410 |
| 4 | Просечен RAB (RABave) | 11.349.336 |
| 5 | WACC | 6,74% |
| 6 | Принос | 764.461 |

Приносот на средствата за кои вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има право на користење, е пресметан за постојните средства и примена на WACC на ниво од 6,74%. Вредноста на средствата за кои вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има право на користење и приносот е прикажана во табелата подолу:

| **Вредност на средства под закуп** | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Опис | 2024 година |
| 1 | RAB start | 774.092.422 |
| 2 | Планирани инвестиции во текот на годината | 28.950.000 |
| 3 | Амортизација | 25.574.298 |
| 4 | RAB end | 777.468.124 |
| 5 | Просечен RAB (RABave) | 775.780.273 |
| 6 | WACC | 6,74% |
| 7 | Принос | 52.254.490 |

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е прикажана во следната табела:

| Р.бр | ОПИС И ОЗНАКА | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 2 | Долгорочен долг, Debt (%) | 40,00% |
| 3 | Цена на долг, Kd (%) | 6,07% |
| 4 | Стапка на поврат без ризик, Rf (%) | 0,94% |
| 5 | Цена на сопствен капитал, Ke (%) | 6,46% |
| 6 | Бета фактор неприлагоден | 0,35 |
| 7 | Бета фактор прилагоден | 0,56 |
| 8 | Премија за ризик, MRP | 9,86% |
| 9 | Стапка на данок на добивка, Tp (%) | 10,00% |
| **10** | **Пондерирана просечна номинална цена на капиталот пред оданочување, WACC (%)** | **6,74%** |

Структурата на капиталот е утврдена согласно Правилникот.

Вредноста на цената на долгот, Kd (%) е пресметана врз основа на долгорчните каматни стапки на денарските кредити во првите 5 месеци од 2024 година објавени од страна на Народна банка на Република Северна Македонија.

Цената на сопствениот капитал претставува збир на Стапката на поврат без ризик што претставува пет годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и Премијата за ризик на Република Северна Македонија која согласно податоците од базите на Дамодаран од 1 јануари 2024 година и истата изнесува 9,86 врз чија вредност се аплицира прилагодениот Бета фактор. Бета факторот неприлагоден се однесува на волатилоноста на сопствениот капитал карактеристична за секторот на услужни дејности во развиените пазари кој согласно податоците од базите на Дамодаран од јануари 2024 година изнесува 0,35. Бета факторот прилагоден се добива како функција на Бета факторот неприлагоден и соодносот на долгот наспроти сопствениот капитал.

**Трошок за гориво**

Трошокот гориво за производство на топлинска енергија за 2024 година изнесува 692.147.013 денари за произведена 238.722.749 kWh топлинска енергија.

Потрошената количина на природен гас за производство на топлинска енергија во периодот јануари - април 2024 година изнесува 151.796.182 kWh, со вкупна набавна вредност од 373.971.284 денари за произведени 133.385.600 kWh топлинска енергија. Одобрената цена на природен гас за овој период е добиена како просечна месечна продажна цена на горивото на пазарот во Република Северна Македонија, согласно на доставените податоци од учесниците на пазарот со природен гас и истата е утврдена за јануари – април 2024 година да изнесува 2,4636 ден/kWh, во која се вклучени трошоците за пренос и балансирање.

Прогнозираната количина на природен гас која ќе се потроши за период октомври-декември е пресметана да изнесува 118.957.820 kWh, при што прогнозираната цена за набавка на природниот гас е 2,6747 ден/kWh, согласно фјучерсите на TTF берзата со вклучени трошоци за пренос, балансирање и маржа, со што прогнозираниот трошок за набавка на природниот гас изнесува 318.175.728 денари. Во грејниот период октомври – декември 2024 година се

прогнозира да се произведе количина на топлинска енергија во износ од 105.337.149 kWh, при што учеството на топланите во вкупната потребна енергија е прогнозирано на ниво од 40%.

Во следната табела се прикажани одобрените месечни набавни цени на природниот гас на регулираниот производител и цените на природниот гас со вклучени трошоци за пренос, балансирање и неутралност за 2024 година:

| Месец | Набавна цена на ПГ | Цена на ПГ со вклучени трошоци за пренос, балансирање и неутралност |
|---|---:|---:|
| јануари | 2,6591 | 2,8829 |
| февруари | 2,4015 | 2,5702 |
| март | 2,0054 | 2,0882 |
| април | 2,0912 | 2,0654 |
| октомври | 2,2841 | 2,4944 |
| ноември | 2,4462 | 2,6613 |
| декември | 2,5126 | 2,7298 |

Степенот на ефикасност на топланите при користењето на природниот гас како погонско гориво со горна топлинска моќ за период октомври-декември 2024 година е утврден да изнесува 89%.

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци за 2024 година се пресметани во согласност со Правилникот. Трошоците за регулаторен надомест, надомест за концесија, еколошки такси и данок на имот како и други економски оправдани трошоци кои не зависат од резултатот на работењето за 2024 година, Регулаторната комисија за енергетика ги определи во износ од 854.789 денари.

**Обртен капитал**

Обртниот капитал за 2024 година е пресметан да изнесува 6.921.470 денари, односно 1% од трошокот за гориво за 2024 година.

**Фактор на корекција**

Факторот за корекција за дејноста регулирано производство на топлинска енергија за 2023 година за друштвото ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје кое што ја вршеше дејност до 30 април 2023 година изнесува 340.542.047 денари.

Факторот за корекција за дејноста регулирано производство на топлинска енергија за 2023 година за друштвото ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, кое што ја вршеше дејност од 1ви мај 2023 година па до крајот на годината изнесува 128.324.059 денари.

Вкупниот фактор на корекција за 2023 година за двете друштва кои што ја вршеа дејноста регулирано производство на топлинска енергија изнесува 468.866.106 денари. Дополнително за дејноста регулирано производство на топлинска енергија се додава и преостанат дел од фактор на корекција од 2022 година во износ од -240.013.241 денари. Со ова вкупниот фактор на корекција кој што ги вклучува во себе 2023 и 2022 година изнесува 228.852.865 денари. Овој фактор во целост се аплицира во одлуката за 2024 година.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија за 2023 година за друштвото ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2023}$)

изнесува 734.114.286 денари. Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија за 2023 година за друштвото ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2023}$) изнесува 772.214.787 денари.

Остварениот приход за 2023 година ($R_{2023}$) за друштвото ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје изнесува 1.074.601.514 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот за претпријатието за 2023 година. Остварениот приход за 2023 година ($R_{2023}$) за друштвото ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје изнесува 900.518.190 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатијата за 2023 година.

Оперативните трошоци за 2023 година за цели на факторот на корекција се утврдени на следниот начин:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар, трошоците за тековно одржување, трошоците за осигурување, трошоците за менаџерските плати и трошоците за други услуги се утврдени на нивото на остварените во годината и соодветно на реализацијата се распределени помеѓу двете друштва,
- Трошокот за бруто плати е задржан соодветно на утврдениот со одлука во 2023 година и распределен меѓу друштвата согласно временскиот период на вршење на дејноста,
- Трошокот за останати и вонредни трошоци за ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје е признаен соодветно на остварениот во првите 4 месеци од годината, додека за ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје трошокот за регрес за годишен одмор е предвиден соодветно на бројот на вработени согласно кој е утврден износот на бруто плати за 2023 година, останатите ставки се признаени во целост.

Трошокот за амортизацијата на сопствените средства и средствата под закуп е признаен соодветно на податоците од сметководствената евиденција.

Приносот на сопствените средства и на средатвата под закуп е задржан на ниво утврдено со одлуката од 2023 година и целосно е вкалкулиран при повторна пресметка на регулираниот максимален приход на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје.

Пренесените трошоци се утврдени на ниво на реализираните.

Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 1,61% за 2023 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност производство на топлинска енергија за 2023 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2023}$), е презентирана во следната табела:

Трошокот гориво за производство на топлинска енергија за 2023 година изнесува 1.115.421.034 денари за произведена 228.137.497 kWh топлинска енергија.

Потрошената количина на природен гас за производство на топлинска енергија во 2023 година изнесува 263.606.398 kWh.

Одобрената цена на природен гас е добиена како просечна месечна продажна цена на горивото на пазарот во Република Северна Македонија, согласно на доставените податоци од учесниците на пазарот со природен гас и истата е утврдена за 2023 година да изнесува 4,2134 ден/kWh, во која се вклучени трошоците за пренос и балансирање. Трошокот за балансирање за периодот октомври – декември 2023 година изнесува 3.618.997 денари.

Степенот на ефикасност на топланите при користењето на природниот гас како погонско гориво со горна топлинска моќ за 2023 година е одобрен согласно реализација.

| р.бр. | Опис | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Одлука 2023 година | MARKt-1 ЕСМ Продажба ДООЕЛ | MARKt-1 ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ |
| 1 | Оперативни трошоци | 186.053.843 | 82.544.355 | 98.689.186 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 98.549.112 | 56.471.142 | 36.429.594 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 8.521.626 | 451.388 | 1.756.964 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 7.693.449 | 2.615.078 | 10.571.064 |
| 1.4 | Бруто плати | 60.893.326 | 20.297.775 | 40.595.550 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди (1 менаџер) | 1.254.305 | 398.576 | 520.441 |
| 1.6 | Други услуги | 5.048.527 | 1.845.794 | 3.862.498 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 4.093.498 | 464.602 | 4.953.075 |
| 2 | Амортизација | 33.629.488 | | 25.595.886 |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 1.196.844 | | 470.798 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 32.432.644 | | 25.125.088 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 54.559.606 | | 54.559.606 |
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 500.793 | | 500.793 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп | 54.058.813 | | 54.058.813 |
| 4 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 274.242.937 | 82.544.355 | 178.844.679 |
| 5 | Пренесени трошоци | 589.811 | 4.220 | 145.098 |
| 6 | Трошоци за гориво | 989.359.394 | 645.114.565 | 470.306.469 |
| 7 | Обртен капитал | 9.893.594 | 6.451.146 | 4.703.065 |
| 8 | К фактор | -118.215.477 | | -118.215.477 |
| 9 | Регулиран максимален приход | 1.392.301.213 | 734.114.286 | 772.214.787 |
| 10 | Произведена/планирана количина на топлинска енергија (kWh) | 185.219.600 | 110.046.200 | 121.607.099 |

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-317/24**
**xx јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**